ФЗОРСМ
FSSHRMV

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI PËR SIGURIM SHËNDETËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr: 08-16007/2
4-11-2022 20 год./viti
СКОПЈЕ/SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА ФИНАСИСКА КОНТРОЛА НА ПРЕСМЕТАНА И ИСПЛАТЕНА ПЛАТА НА МЕДИЦИНСКИ ДИРЕКТОР ВО
# ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација - Скопје

**ноември, 2022 година**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ОД ИЗВРШЕНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА НА ПРЕСМЕТАНА И ИСПЛАТЕНА ПЛАТА НА МЕДИЦИНСКИ ДИРЕКТОР ВО

## ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација- Скопје

## за периодот од 01.01.2022 до 30.09.2022 година

Согласно добиениот налог број 08-16007/1 од 28.10.2022 година за вршење на вонредна финансиска контрола, направена е контрола на пресметана и исплатена плата на медицински директор во ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација- Скопје.

Контролата е извршена согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фондот), од страна на овластените финансиски контролори од Фондот дипл.ек. Лиљана Пандиловска и М-р Соња Кузманоска.

Контролата е извршена во месец ноември 2022 година.

### 1. Основни податоци за раководството од установата:

| Менаџмент | Име и презиме | Статус |
|---|---|---|
| Директор лекар | Асс.Др. Маја Манолева | Медицински Директор |
| Директор економист | / | Организациски Директор |

На увид на контролата е даден менаџерски договор за :
-медицински директор Асс.д-р Маја Манолева со архивски број 03-254/1 од 14.02.2020 година и Решение за именување на медицински директор во ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација – Скопје со архивски број 03-1607/1 од 01.11.2019 година.

Во ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација – Скопје има Поединечен колективен договор со архивски број 01-2186/1 од 29.12.2021 година, потпишан од страна на медицинскиот директор и Претседателот на Самостојниот синдикат на вработените во УК,центри,клинички болници и други ЈЗУ во РМ.

На контролата не и е дадено Овластување, со кое се овластува директорот на ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација – Скопје од страна на Министерство за здравство за потпишување на Поединечен колективен договор.Дадена е на увид Одлука за основање на ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација – Скопје, објавена во Службен весник број 47 од 26.02.2021 година .Во Одлуката е наведено цитирам ,, ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација – Скопје е правен следбеник на ЈЗУ Институт за физикална медицина и рехабилитација – Скопје, ......''.

На контролата и е дадена на увид Согласност од Министерство за здравство за воведување дежурства на ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација – Скопје заведена во Министерството за здравство под архивски број 10-4430/2 од 18.06.2019 година.

На контролата не и е дадено на увид одобрување/согласност од МТСП за услови за работа и за скратено работно време.

На контролата не и е дадено на увид согласност од МТСП за работа во услови потешки од нормалните.

За медицински директор е дадено на увид Решение на работникот М.М. на работно место Медицински директор на ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација – Скопје, со архивски број 04-348/2-1 од 16.03.2022 година. Во решението се утврдува коефициент на сложеност 8,070.

Донесена е Одлука од страна на медицинскиот директор со архивски број 03-141/2 од 10.02.2022 година во која е наведено дека исплатата на плата со изменетите коефициенти на сложеност започнува со исплата на палтата за месец јануари 2022 година, повикувајќи се на потпишаниоит Поединечен колективен договор на ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација заведен под архивски број 01-2186/1 од 29.12.2021 година.

Пресметување на плата на медицински директор

| Назив по колективен договор | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септем. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на ефективни часови** | 105+63 боледување | 160 | 184 | 168 | 176 | 176 | 168 | 184 | 176 |
| **Вредност на бод** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.090** | **14.09** |
| коефициент на сложеност: | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 |
| минат труд (%): | 6,5 | 6,5 | 6,5 | 6,5 | 6,5 | 6,5 | 6,5 | 6,5 | 6,5 |
| додаток по основ на раководење: | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| прекувремена работа (129 % ): | нема | 19 часа | 22 часа | 15 часа | 20 часа | 20 часа | 23 часа | 20 часа | 20 час |
| додаток за ноќна работа ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во три смени ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток во орг.единица за ИМП ( % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за дежурство во раб.денови (116 % ): | нема | 32 часа | 16 часа | 8 часа | 16 часа | 16 часа | 8 часа | 8 часа | 8 час |
| додаток дежурство во викенд и празник (155 % ): | нема | нема | 16 часа | 32 часа | нема | 16 часа | нема | 16 часа | 16 час |
| додаток без остварен повик и ангажирање (8 % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |
| додаток за остварен повик и ангажирање (113 % ): | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема | нема |

Медицински директор во периодот јануари – септември 2022 година има примања по основ плата и тоа:

- Основна плата
- Минат труд
- Прекувремена работа (вкупно 159 часа)
- Дежурства во работен ден и (вкупно 112 часа)
- Дежурство во викенд и празник (вкупно 96 часа)

освен горенаведените примања, нема други додатоци на плата .

За прекувремената работа, на увид на контролата доставени се месечни прегледи за прекувремени работни часови по датуми и број на часови, потпишани од медицинскиот директор. Прекувремената работа се обавува после дежурство.

Од страна на ЈЗУ на контролата им се дадени на увид месечни прегледи за распоред на дежурства потпишани од директорката и главната медицинска сестра и прегледи за реализирани дежурства со наведени датуми и часови на дежурство, потпишани од директорката и главната медицинска сестра.

Платата се пресметува со полн фонд на часови во месецот ( зависно од деновите во месецот).

Вредноста на бодот е во согласност со Спогодбата за најниска плата во здравството (14.090 денари).

Коефициентот на сложеност на медицинскиот директор во ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација – Скопје е 8,070, и е во согласност со КД.

Основната плата се пресметува правилно (само основниот коефициент на сложеност помножено со 14.090 денари).

Пресметката на додатокот на минат труд е во согласност со КД.

Во ЈЗУ УК за физикална медицина и рехабилитација – Скопје за контролираниот период за медицинскиот директор доставени се на увид на контролата евиденциони листи од читач за работно време за месеците јули,август и септември 2022 година, додека за периодот од јануари до јуни 2022 година по исказ на одговорните лица во клиниката читачот за работно време не работел.

Во периодот јануари-септември 2022 година медицинскиот директор бил на боледување во периодот 20.01.2022 до 01.02.2022 година.

За медицинскиот директор во периодот јануари – септември 2022 година изработено е Решение за користење на годишен одмор во траење од 25 работни дена.Првиот дел од годишниот одмор е искористен во периодот 25.07.2022 до 12.08.2022 година.

Медицинскиот директор службено отсуствувал во периодот јануари – септември:
-Од 25.09.2022 – 27.09.2022 година во Охрид на Петти конгрес на физијатри на РМ. За истото доставен е на увид налог за службено патување со бр. 04-1344/1 од 23.09.2022 година потпишан само од медицинскиот директор. Дадена е на увид Одлука донесена од страна на медицинскиот директор, а не од Претседателот на УО, со архивски број 02-327/1 од 23.09.2022 година со која се одобрува патувањето на товар на клиниката.

**Скопје,**
**03.11.2022 година**

**Директор на сектор за финансиски прашања**
**Миле Сугарев**

**Финансиски контролори:**

М-р Соња Кузманоска ____________________

дипл. екк. Лиљана Пандиловска ____________________